РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2568/5

07-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на ден 03.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријавата со број 12-2568/1 од 25.09.2025 година, со наводи за сомневање за прекршување на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на одговорното лице на -------------- „--------------------------" ---------- по распишување на Локални избори 2025 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што во пријавениот случај не е постапено спротивно на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во однос на останатите наводи постапил надлежен орган и не констатирал неправилности

Предметот со број 12-2568/1 од 25.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 25.09.2025 година, доставена е пријава од познат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за прекршување на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот Законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Во пријавата се наведува дека одговорното лице на -------------- „-------------------------" --------, на ден 09.08.2025 година, односно на денот на распишување на Локалните избори 2025, донел Одлука за избор на лице на работно место професор по машински предмети и социјален работник.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи предвид дека подносителот во пријавата наведува дека случајот го пријавил и до Државниот просветен инспекторат (ДПИ), ДКСК побара од ДПИ да извести за преземените дејствија во предметниот случај и да достави прилог документација.
Постапувајќи по барањето на ДКСК, ДПИ достави информација со прилог документација, помеѓу кои и Записник за извршен инспекциски надзор со бр.-------- од 13.10.2025 година. Во записникот е констирано дека: постапката по јавен оглас за вработување на професор по машински стручни предмети и стручен соработник на определено време во ------------- „------------------“ ------------, е спроведена согласно Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

ДКСК ја разгледа целокупната документација доставена во прилог и ја утврди следната фактичка состојба:

На 04.08.2025 година -------------- „-------------------- “ ------------ објавило Јавен оглас со бр.--/- за вработување на определено време на еден наставник по машински стручни предмети и еден стручен соработник - социјален работник, врз основа на добиена Согласност со бр.-----------/-- од 01.08.2025 година и Согласност со бр.--------/--- од 31.07.2025 година, издадени од Министерството за финансии преку Министерството за образование и наука.
Комисијата формирана за разгледување на документите за прием на наставен кадар и Комисијата формирана за проверка на познавањата за македонскиот јазик на кандидатите, ја спровеле постапката за вработување за пополнување на горенаведените работни места, при што на 08.08.2025 година, директорот на ------------ „-------------------“ ----- , врз основа на член 9 од Законот за средно образование и член 141 од Статутот на училиштето, донел Одлука за избор на наставен кадар. Воедно, на ден 08.08.2025 година склучени се договори за вработување помеѓу ----------- „----------------------“ ----------, застапувано од директорот и избраните кандидати, видно од Одлука со бр.-------/-- од 08.08.2025 година и Договорот за вработување заведено со арх.бр.-------/-- од 08.08.2025 година.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК оцени дека во пријавениот случај не е постапено спротивно на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно постапката е завршена пред донесување на решението за распишување на Локалните избори 2025 година. Во однос на останатите наводи од пријавата постапил надлежен орган – Државниот просветен инспекторат кој не констатирал недостатоци.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека во пријавениот случај нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, Член на ДКСК